УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Партизанска бб, 6000 Охрид
Телефон: + 389 46 511 000
Телефакс: + 389 46 511 567
www.uist.edu.mk

Бр. _____
Охрид, _____ 20 ___ год.

Врз основа на член 31 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/2018, 178/21, 58/24 и 124/25) и член 29 од Статутот на Универзитетско студентско собрание, Универзитетското студентско собрание на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, објавува

КОНКУРС
за утврдување на предлог за избор на студентски правобранител на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид
(2026-2028)

Кандидатите за Студентски правобранител на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да е редовен студент на некој од факултетите;
- Да е со просечна оценка од најмалку 8;

Предност ќе имаат кандидатите кои имале активно учество во проекти, невладини организации и слично.

Во прилог со Пријавата, кандидатите треба да достават:
- Потврда за редовен студент,
- Потврда за просечна оценка од студиите од соодветниот факултет,
- Кратко CV (биографија) во Europass формат
- Мотивационо писмо

Кандидатите за Студентски правобранител треба да ги достават потребните документи во рок од 15 (петнаесет) дена од објавување на конкурсот на веб страната на Универзитетот и огласните табли на факултетите, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.

Согласно член 31 став 2 од Законот за високо образование, Сенатот на Универзитетот го избира Студентскиот правобранител по предлог на Универзитетското студентско собрание. Откако ќе истече рокот за пријавување на кандидати за Студентски правобранител, УСС УИНТ на предлог на Конкурсната комисија на посебна седница за избор на Студентски правобранител ќе утврди предлог за кандидат за Студентски правобранител и ќе донесе одлука кој од кандидатите ќе биде предложен до Сенатот.

Документацијата за кандидатите можат да ја достават во архивата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на адреса: ул. Партизанска,

бб, Дом на АРМ, Охрид, секој работен ден од 9:00 до 14:00 часот или електронски на емаил адреса contact@uist.edu.mk **до Конкурсна комисија при Универзитетско студентско собрание на УИНТ „Св. Апостол Павле" Охрид со назнака: „За Конкурс за утврдување предлог за студентски правобранител"**

Дополнителни информации во врска со конкурсот може да добите преку елетронска пошта на contact@uist.edu.mk .

Со почит,
УСС УИНТ